# СЛУЖБА ЗА ОТСУСТВО ЗА ДОЛГ РАБОТЕН СТАЖ НА АВСТРАЛИСКАТА ПРЕСТОЛНИЧНА ТЕРИТОРИЈА (АПТ)

## *Што е тоа пренесливо отсуство за долг работен стаж (Portable Long Service Leave)?*

Пренесливото отсуство за долг работен стаж е вид на платен одмор што можете да го користите ако сте работеле одреден временски период во градежништвото, социјалните служби, компании за чистење под договор или компании за обезбедување. Не е важно ако сте работеле за различни работодавци, само треба одредено време да сте работеле во истата индустрија.

- Ако работите во ***градежната индустрија***, ќе имате право на 13 недели платено отсуство по 10 години работа во оваа индустрија
- Ако работите во ***секторот на заедницата/социјални служби***, ќе имате право на 4,33 недели платено отсуство по 5 години работа во овој сектор.
- Ако работите како **чистач под договор**, ќе имате право на 6,06 недели платено отсуство по 7 години работа во овој сектор.
- Ако работите во ***индустријата на обезбедување***, ќе имате право на 6,06 недели платено отсуство по 7 години работа во овој сектор.

## *Што е Службата за отсуство за долг работен стаж на АПТ?*

Ние сме организација на владата во АПТ која се грижи за вашето пренесливо отсуство за долг работен стаж.

## *Како да знам дали сум регистриран?*

Ако работите во градежништвото, социјалните служби, како чистач под договор или во индустријата на обезбедување, вашиот работодавец мора да ве пријави кај нас за отсуство за долг работен стаж кога ќе започнете да работите за него. По регистрацијата, ќе ви испратиме писмо и ќе ве известиме за податоците во вашата регистрација. Ако не сте го добиле тоа писмо или не сте сигурни дали сте регистрирани, треба да стапите во контакт со нас за да бидете сигурни дека ги имаме регистрирано вашите податоци.

Откако ќе се регистрирате, треба секоја година во октомври да добиете од нас извештај во кој што ќе можете да видите колку дена сте работеле во годината, за кои работодавци сте работеле во текот на годината и приходите запишани на ваше име. Овие податоци се многу важни и ќе ги користиме за да го пресметаме вашето пренесливо отсуство за долг работен стаж. Кога ќе го добиете вашиот годишен извештај, треба да проверите дали податоците се точни. Ако мислите дека во вашиот извештај недостасуваат податоци или нешто ви изгледа неточно, треба да стапите во контакт со нас за да проверите. Ве молиме да нè известите ако не сте го добиле извештајот. Можеби не ги имаме вашите точни податоци за контакт или можеби не сте пријавени.

## *Што да направам ако ми требаат информации за моето пренесливо отсуство за долг работен стаж?*

Ако сакате да добиете информации за вашето пренесливо отсуство за долг работен стаж, ве молиме јавете ни се по телефон на број **02 6247 3900**, или пратете ни имејл на enquiry@actleave.act.gov.au. Ако треба да зборувате со некој на друг јазик освен англискиот, ве молиме побарајте ја Телефонската преведувачка служба на **131 450**.